Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), и во врска со член 313 и 316 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/125 и 135/25) како и член 10 ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 јуни 2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 19/13 („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/13, 38/14, 9/15, 67/16, 58/17, 150/17, 69/18 и 73/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 107/23, 117/25, 182/25, 220/25 и 55/26), на Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф.бр. 351, се продолжува до 22 септември 2026 година согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 од 09 септември 2022 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.12-8360/3 од 18 мај 2026 година и Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје со бр.0306-49 од 18 мај 2026 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот.
2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство за електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.1А-1/3 Скопје - Центар согласно член 10 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 15 мај 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08-19/13 за хидроелектроцентралата „ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф.бр. 351, заведено под архивски број УП1 бр.08 – 19/13 од 15 мај 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 08 мај 2013 година одржа главна седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф.бр. 351, со планирана моќност од 1.520 kW и со локација реф.бр.351 (согласно договор за концесија за вода за изградба на хидроелектроцентралата МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА со реф.бр. 351, склучен помеѓу Друштвото за

проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје - концесионер, со бр. 01/11 од 28 јануари 2011 година и Министерство за економија - концедент со бр.12-888/1 од 28 јануари 2011 година), на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, со седиште на ул. Мајаковски бр.2, Скопје, УП1 бр. 08-19/13 од 08 мај 2013 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.68/13.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 18 февруари 2014 година одржа главна седница на која донесе Решение за измена и дополнување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 21 јули 2014 година (согласно Анекс на договорот за концесија бр. 12-599/3 од 22 јануари 2014 година), УП1 бр.08-19/13 од 18 февруари 2014 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 15 јануари 2015 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 21 април 2016 година (согласно Известување од Министерството за економија со арх.бр.12 - 5262/6 од 14 ноември 2014 година), УП1 бр.08-19/13 од 15 јануари 2015 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.9/15.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 04 април 2016 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 18 јануари 2017 година (согласно Известување од Министерството за економија со арх.бр.12 - 2576/1 од 28 март 2016 година), УП1 бр.08-19/13 од 04 април 2016 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/16.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 16 мај 2017 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 20 јули 2017 година (согласно Известување од Министерството за економија со арх.бр.12 - 623/8 од 26 април 2017 година), УП1 бр.08-19/13 од 16 мај 2017 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/17.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 17 октомври 2017 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 08.02.2018 година (согласно Известување од Министерството за економија со арх.бр.12 - 4740/1 од 04 октомври 2017 година), УП1 бр.08-19/13 од 17 октомври 2017 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.150/17.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 12 април 2018 година одржа главна седница на која донесе Решение за измена на решението за стекнување на привремен статус

на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, при што беше променет називот во “Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје”, УП1 бр.08-19/13 од 12 април 2018 година.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на ден 17 април 2018 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДООЕЛ Скопје, со кое важноста се продолжува до 19 август 2018 година (согласно Известување од Министерството за економија со бр.12 - 555/12 од 10 април 2018 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот се продолжува до 19 август 2018 година), УП1 бр.08-19/13 од 17 април 2018 година, објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.73/18.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 мај 2023 година одржа главна седница на која донесе Решение за изменување и продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштво за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 09 октомври 2024 година (согласно Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за хидроелектроцентралата МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА со реф.бр. 351, склучен помеѓу Друштвото за производство за електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје - концесионер, со бр. 17/1/2022 од 9 септември 2022 година и Министерство за економија - концедент со бр.12-4075/1 од 9 септември 2022 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.107/23.

Регулаторната комисија за енергетика на 05 јуни 2025 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштво за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 17 јуни 2025 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 09 септември 2022 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, Министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.14-1384/1 од 25 март 2025 година и Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје со бр.0306-13 од 26 март 2025 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.117/25.

Регулаторната комисија за енергетика на 27 август 2025 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштво за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 7 септември 2025 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 09 септември 2022 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, Министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.14-1384/3 од 22 јули 2025 година и Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје со бр.0306-53 од 4 август 2025 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.182/25.

Регулаторната комисија за енергетика на 24 октомври 2025 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен

производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштво за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 12 јануари 2026 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 09 септември 2022 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, Министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.14-4691/1 од 10 октомври 2025 година и Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје со бр.0306-83 од 12 октомври 2025 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.220/25.

Регулаторната комисија за енергетика на 12 март 2026 година одржа главна седница на која донесе Решение за продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351, на Друштво за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, со кое важноста се продолжува до 17 мај 2026 година (согласно Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 од 09 септември 2022 година заведен во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.14-4691/5 од 31 декември 2025 година и со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/26.

Во однос на поднесеното Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351 на Друштвото за производство за електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје УП1 бр.08-19/13 од 15 мај 2026 година, Регулаторната комисија за енергетика на 15 мај 2026 година донесе Решение за запирање на постапката се до добивање мислење од Владата на Република Северна Македонија односно Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини дали рокот за почеток со комерцијална работа на хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351 ќе биде продолжен односно дали ќе биде склучен нов анекс на договорот за концесија.

Друштвото за производство за електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје на 22 мај 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Известување од Министерството за енергетика рударство и минерални суровини бр. 12-8360/4 од 18 мај 2026 година заедно со Анекс на Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 од 09 септември 2022 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.12-8360/3 од 18 мај 2026 година и Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје со бр.0306-49 од 18 мај 2026 година, копија заверена на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје под број УЗП 5921/2026 од 22 мај 2026 година, со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот до 22 септември 2026 година.

По доставената документација, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање за продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА“ со реф. бр. 351 е комплетно и оправдано, и ја продолжи постапката со одржување на седница на којашто се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-19/13**
**1 јуни 2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Ацо Ристов**